**20182434566**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 45 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија” бр. 120/18), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НУМЕРИРАНИОТ РЕГИСТАР ШТО ГО ВОДАТ СУБЈЕКТИТЕ КОИ ИМААТ ДОЗВОЛА ЗА МЕНУВАЧКО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои имаат дозвола за менувачко работење.

Член 2

Нумерираниот регистар што го водат субјектите кои имаат дозвола за менувачко работење (во понатамошниот текст: нумерираниот регистар) се води на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Член 3

(1) Нумерираниот регистар ги содржи следните податоци:

- „Реден број”, се запишуваат трансакциите по хронолошки редослед почнувајќи од нумеричката единица „еден” па понатаму, се до заклучување на регистарот со последната страна за тековниот месец;
- „Датум”, се запишува датумот кога е извршена трансакцијата;
- „Име и презиме на физичко лице” се запишува во оригинал како од документот за идентификација, името и презимето на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;
- „Датум и место на раѓање”, се запишува во оригинал како од документот за идентификација, датум и местото на раѓање на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;
- „Адреса и место на живеење или престојувалиште”, се запишува во оригинал како од документот за идентификација, адресата и местото на живеење или престојувалиште на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;
- „ЕМБГ или број за идентификација”, се запишува во оригинал како од документот за идентификација, единствениот матичен број на граѓанинот – резидент или број за идентификација на физичкото лице – нерезидент, за клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;
- „Број на документот за идентификација”, се запишува бројот на документот за идентификација (број на лична карта или број на пасош) на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;
- „Орган што го издал документот за идентификација”, се запишува органот што го издал документот за идентификација (број на лична карта или број на пасош) на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;
- „Купување/продавање”, се запишува дали со трансакцијата се купуваат или продаваат ефективни странски пари над 500 евра во денарска противвредност;

- „Вид на валута", се запишува ознаката (шифрата) на валутата на трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност, согласно Упатството за начинот на вршење на платен промет со странство на Народна банка на Република Македонија;

- „Износ на трансакција", се запишува износот на трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност;

- „Име и презиме", се запишува името и презимето на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот и

- Потпис на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот.

(2) Нумерираниот регистар се води во пишана или електронска форма.

(3) Формата и содржината на нумерираниот регистар се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои вршат менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 211/15).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-19435/1
24 декември 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.

Прилог

# НУМЕРИРАН РЕГИСТАР ЗА МЕНУВАЧКО РАБОТЕЊЕ

| Ред бр. | Датум | Име и презиме на физичко лице | Дата и место на раѓање | Адреса и место на живеење или престојувалиште | ЕМБГ или број за идентификација | Број на документот за идентификација | Орган што го издал документот за идентификација | Купување/ продавање | Вид на валута | Износ на трансакција | Име и презиме |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

_______________________________

потпис на овластеното лице или друго лице
со овластување да го потпишува регистар